РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1901/2
02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99-та седница одржана на 30.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1901/1 од 10.03.2022 година, од страна на непознат подносител, за противправни дејствија во тековното работење на ---, со наводи за свесно и континуирано злоупотреба на службената положба и против законско работење, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што надодите се општи односно нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, се работи за анонимна пријава и не можат да се обезбедат дополнителна проверка на наводите.

Предметот со број 12-1901/1 од 10.03.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 10.03.2022 година, поднесена е пријава за .---, со наводи за свесно и континуирано злоупотреба на службената положба и против законско работење, и оформен е предмет број 12-1901/1 од 10.03.2022 година.

*Во пријавата подносителот наведува сомневања за за противправни дејствија во тековното работење на в---, со наводи за свесно и континуирано злоупотреба на службената положба и против законско работење.*

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот/пријавата, нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата по што оцени дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лица при вршење на јавните овластувања и службената должност

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одобрил: Ш.С Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk